# Најдобри практики во борба против корупцијата

## -со посебен осврт на системската корупција-




Ацо Тасев
судија во ОС Штип

**Моќта има тенденција да расипува; апсолутната моќ расипува апсолутно“. – Лорд Актон**



# Поим за корупција

- Етимологија – лат.*corruptio*(поткупување,подмитување,трулење и распаѓање како процес)
- Дефинирање на поимот во општ приод
  - Искористување на јавната моќ за приватни цели
  - Злоупотреба на службената положба и овластувања за лични интереси



# Видови корупција

- Општественото ниво - Ниска, средна и висока корупција
- Вредноста-мала(ситна), средна и голема(гранде) корупција
- Санкција
  - Бела корупција-легална
  - Сива корупција-прекшочна
  - Црна корупција-кривична
- Административна, политичка, правосудна, системска корупција
- Активна и пасивна
- Атипични облици на корупција
  - Непотизам-незаконско повластување на блиски роднини
  - Кронизам-незаконско повластување на пријатели
  - Патронажа- незаконско повластување на партиски членови

# Корупцијата во Р.С.Македонија

- Праксата, но и меѓународните извештаи и евалуации укажуваат на сериозни проблеми со корупцијата во РСМ, која е на ниво на системска корупција
- Системска корупција разработен систем на коруптивна мрежа на лица и институции
- Системската корупција според Роберт Клитгард е

  **Корупција=монопол+дискреција-одговорност**



# Типологија на системската корупција

- Етиологија
  - Економски фактори-приватизација, даночно затајување, криумчарење, пирамидални штедилници
  - Правни фактори-нестручни кадри, нефункционални институции, слаба казнена политика
  - Политички фактори-партизираност на државниот апрат, непостоење на политичка волја за борба со корупцијата, политички пазарања

- Феноменологија на системската корупција
  - Појавен облик – корумпираност на секоја општествена пора:
    - Политичките партии
    - Бизнисот
    - Правосудството
    - Институциите
    - Криминалните групи

    } Системска корупција
  - Обем – огромна темна бројка
  - Структура-сите коруптивни кривични дела кои во нивното извршување се поврзани
  - Динамика-„status quo“ ситуација со тенденција на намалување

# Анализа на случај „Труст“ НСК КО 4/17

- Редок случај на системска корупција со **правосилна завршница**
- Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од чл.275-в од КЗ
- Изиграна постапка за јавна набавка т.е. тендер на А.Д. ЕЛЕМ со поднесена лажна документација
- Противправна имотна корист 17,235 милиони евра
- Обвинети беа С.К.,како управител на градежната компанија ДГТТ „ТРАНС МЕТ“ ДОО Скопје, директорот на ДРГ „СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ“ ДООЕЛ Кратово В.А. и управителот на фирмата ДТГТ „ВАТО“ ДОО Студеничани С.В., како и наведените правни лица
- Предметот заврши со една затворска казна од 4 години и 8 месеци, една условна осуда и конфискација на имот

## Примарни институции и тела за борба против системската корупција

- ДКСК
- ОЈО ГОКК
- Специјализирано судско одделение за организиран криминал
- Одел за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР (ОСОСК)
- Управа за финансиска полиција

# Државна комисија за спречување на корупција

- Примарен и главен орган за спречување на корупција
- донесува национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, акционен план за нејзино спроведување,
- проверка на антикорупциската легислатива,
- постапува по пријави за корупција и судир на интереси,
- Покренува иницијативи и поднесува пријави до институциите за поведување на постапки,
- го следи финансирањето на партиите и изборните кампањи,
- постапува во случај на судир на интереси,
- ја следи и проверува имотната состојба и интересите,
- соработува и разменува информации и податоци со други институции
- подготвува анализи за ризици од корупција во различни сектори

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ОЈО ГОКК

- Кривично гонење за кривични дела извршени од страна на организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години
- „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од членот 353 став (5) од КЗ,
- „Примање поткуп“ од членот 357 став(5) од КЗ,
- „Давање награда за против законито влијание“ од членот 358-а од КЗ,
- „Примање награда за против законито влијание“ од членот 359 од КЗ,
- „Противправно стекнување и прикривање имот“ од членот 359-а од КЗ,
- „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од членот 275-в од КЗ
- истражен центар за следење, истражување и откривање на кривичните дела во врска со организираниот криминал и високата корупција

# Специјализирано судско одделение за организиран криминал и корупција

- Надлежно да постапува по кривични предмети за делата од КЗ,
  - злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5 од КЗ
  - примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 од КЗ
  - противзаконито посредување од членот 359 од КЗ
  - извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице



## Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал

- Специјализиран полициски оддел при БЈБ на МВР
- Оперативците од овој оддел имаат задачи „*ex officio*“ според ЗКП или пак по наредба на јавниот обвинител да превземаат мерки и активности за откривање и криминалистичко истражување на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција:
  - злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5 од КЗ
  - примање на поткуп од значителна вредност од членот 357
  - противзаконито посредување од членот 359 извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице
- Во рамките на ОСОСК постои Сектор за криминалистички истраги, каде се формирани Единица за корупција и Единица за финансиски криминал





# Управа за финансиска полиција

- Управата е формирана при Министерството за финансии, со надлежност за откривање и истражување на кривични дела
- перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273 од КЗ
- недозволена трговија од членот 277 од КЗ,
- криумчарење од членот 278 од КЗ,
- даночно затајување од членот 279 од КЗ
- други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност
- криминалистичко истражување на злоупотреби на службената положба и овластувања, злоупотреби при јавните набавки






# Секундарни институции во борбата против корупцијата

- Управата за финансиско разузнавање
- Министерството за правда
- Управата за јавни приходи
- Царинската управа
- Државниот завод за ревизија
- Државниот управен инспекторат

# ПИМ-Симулирано давање и примање на поткуп

- Најефективна парктика за откривање на коруптивни кривични дела
- Клучен елемент-соработник на правдата(лице на кое му е побарано или понуден поткуп)
- Фиктивно давање и примање на поткуп
- Фаќање на сторителот на *in flagranti* на лице место
- Крим-техничка обработка на банкнотите
  - фотографирње и запишување на сериските броеви
  - поништување на сериските броеви
  - „Хемиска замка“- обележување на банкнотите со хемиски супстанци


Coca-Cola






100


100
100 EURO
100
100 EURO
100
100 EURO


100
100
100

## Неконвенционални субјекти во борбата против корупцијата

- Медиуми
- Невладини организации(NGO)
- Начини на дејствување-превенција
  - Откривање на корупциски афери
  - Зголемување на трансапрентоста кај институциите
  - Подигнување на јавната свест за корупцијата
  - Граѓанска конторола и надзор над јавните функционери



# Заклучок-најдобри практики за борба против корупцијата

- Неутрализирање на криминогените фактори
- Зголемување на капацитетите на антикорупциските институции
- Подигнување на колективната свест за корупцијата
- Заострување на казнената политика
- Примена на мерката конфискација на имот
- Избегнување на маѓепсаниот круг на нецелисходно пренатрупување на легислативата со нови закони и измени - „*Corruptissima republica plurimae leges*“
- Координирана државна репресија на корупцијата
- Одлучна и реална политичка волја за сузбивање на системската корупција

# Ви благодарам на вниманието!

